е-мобилност

Партизански Одреди 74 / 14 Скопје
info@elektromobilnost.mk
www.elektromobilnost.mk
тел. +389 70 267 622
Централен Регистар на РМ – ЕМБС: 6841864
Трансакциска сметка НЛБ: 210 – 068418640159
Единствен даночен број: 4057013520204

**До**
**Општина Охрид**

**Совет на Општина Охрид**

**Предлог:**
**Иницијатива за овозможување бесплатни паркинзи за електричните и хибридни возила**

НВО Електромобилност Македонија како единствена регистрирана организација во Р.Македонија која со своите активности делува во насока да ги промовира електричните и хибридни возила и нивните бенефиции за општеството, бара од Општина Охрид да ја прифати следната иницијатива:

- Компаниите и физичките лица кои располагаат односно во иднина ќе набават електрични или пак хибридни возила, Општина Охрид преку ЈП Билјанини Извори да овозможат **бесплатен (временски неограничен) паркинг** на отворени паркинзи и катни гаражи на целата територија на општината каде ова јавно претпријатие стопанисува.

НВО Електромобилност смета дека со прифаќањето на ваквата иницијатива, Општина Охрид ќе ги потврди нејзините јасни заложби и определби кон здрава животна средина што воедно се надеваме дека ќе биде и мотив повеќе да почнеме да ги среќаваме во што е можно поголем број ваквите возила низ Општина Охрид и низ целата територија на Р.Македонија кои значително ќе придонесат кон намалување на загадувањето.

НВО Електромобилност стои на располагање на Општина Охрид во процесот на спроведување на било какви инцијативи и проекти поврзани со промоција на електромобилноста (електричен транспорт) во насока на подигнување на свесноста и перцепцијата на граѓаните кон новите трендови во мобилноста кои нудат значајни бенефиции за општеството и животната средина.

Со почит,

29.07.2015 г.

подносител
НВО Електромобилност Македонија

Здружение за електрични возила ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје